Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Бр. 01-381/2
31.5.2024 год.
ОХРИД

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/2018, 178/21 и 58/24), Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, на седница одржана на ден 04.12.2019 година и 31.05.2024 година, ги донесе следнит

П Р А В И Л Н И К
за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид
(пречистен текст)

Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање во втор циклус на студии.

Член 2

Со овој Правилник се обезбедува поголема ефикасност на студиите, како и реализација на насоките од Болоњскиот процес: намалување на периодот на студирањето во однос на досегашната пракса, зголемување на мобилноста на студентите и наставниците, подобрување на квалитетот на студирањето, врз основа на принципите на компетитивност во предавањата и истражувањата.

Член 3

Универзитетот врши високообразовна дејност од втор циклус на студии.

Член 4

Студии од втор циклус се остваруваат преку Кредит-трансфер системот, како заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС).

Член 5

Студии од втор циклус можат да се организираат ако се исполнети условите предвидени со Законот за високото образование.

Видови студии од втор циклус

Член 6

Вториот циклус на студии се организира како:

- втор циклус на академски студии (постдипломски студии) и
- втор циклус на стручни студии.

Член 7

Студиските програми за сите циклуси на студии ги усвојува Универзитетскиот сенат по предлог на единиците на Универзитетот, по претходна согласност на елаборатите за студиските програми на трите циклуси на студии и за нови профили на стручни кадри од страна на Ректорската управа.

Член 8

Вториот циклус на студии е во времетраење од една до две години (една/две студиски години), уредено со студиските програми на соодветната единица на Универзитетот.

Услови за запишување во втор циклус на студии

Член 9

На втор циклус студии можат да се запишат:

- лица кои завршиле соодветни студиски прогами од прв циклус;
- лица кои завршиле соодветни додипломски студии согласно со прописите кои важеа до воведување на циклусите во високото образование.

Универзитетот, согласно студиските програми и конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии, утврдува кои претходно завршени студии се соодветни за запишување на одделени студиски програми од втор циклус студии, како и условите за запишување на кандидатитите кои имаат завршено други студиски програми.

Лицата кои завршиле стручни студии можат да се запишат на академски студиски програми од втор циклус студии, при што за запишување може да се пропише полагање на диференцијални испити, согласно со студиската програма.

Во втор циклус на студии во времетраење од 2 (две) години или четири семестри, односно 120 кредити можат да се запишат кандидати со завршен прв циклус на академски студии во времетраење од 3 (три) години, односно 180 кредити.

Во втор циклус студии во времетраење од 1 (една) година, односно два семестра, односно 60 кредити, можат да се запишат кандидати што завршиле прв циклус на студии во времетраење од 4 (четири) години, односно 240 кредити.

Член 10

Компатибилноста во однос на завршената студиска програма на првиот циклус на студии за упис во втор циклус студии го уредува тричлена комисија која ја испитува соодветноста за упис согласно елаборатот на студиската програма, а за што поднесува извештај до Универзитетскиот сенат.

Член 11

Право да се запишат во втор циклус на студии имаат и странски државјани, според условите утврдени со закон и со овој Правилник.

Студентите од втор циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале во следните рокови:

- едногодишни студии за 3 (три) години;
- двогодишни студии за 5 (пет) години.

Доколку по истекот на рокот од претходниот став, студентот не ги заврши студиите, со одлука на единицата на Универзитетот се утврдуваат дополнителните услови и рокот за кој студентот може да ги заврши студиите.

Доколку по истекот на рокот настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма, врз основа на општ акт на Универзитетот и на единицата.

Доколку по истекот на рокот од овој член студиската програма згасне, студентот може стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска програма, врз основа на општ акт на Универзитетот и на единицата.

Член 12

Запишувањето во втор циклус на студии се врши врз основа на конкурс, кој го објавува Универзитетот.

Одлука за бројот на студентите кои ќе се запишат во втор циклус на студии донесува Ректорската управа по предлог на единицата.

Конкурсот се објавува во еден дневен весник што излегува во Република Северна Македонија и на интернет страницата на Универзитетот.

Конкурсот содржи: име и адреса на високообразовната установа, назив на студиската програма за втор циклус на студии, место на изведување на студиската програма, времетраење на студиите, услови за упис, број на студенти за запишување, потребната документација за пријавување и запишување, рокови за пријавување и постапката за изведување на уписот.

Пријавата со потребната документација се доставува до Универзитетот, Одделение за студентски прашања и ЕКТС.

Член 13

Кандидатите се пријавуваат на објавениот конкурс со пополнување на пријава за упис во втор циклус на академски студии/стручни стручни студии во согласност со конкурсот.

Со пријавата кандидатите ја доставуваат и потребната документација наведена во конкурсот.

Член 14

Постапката за запишување на кандидатите во втор циклус на академски и стручни студии ја спроведува Универзитетска конкурсна комисија за втор циклус студии.

Членовите на Универзитетската конкурсна комисија, ги именува Ректорската управа.”

Член 15

Документацијата на пријавените кандидати по конкурсот референтот во Одделение за студентски прашања и ЕКТС ги доставува до Универзитетска конкурсна комисија за втор циклус студии.

По утврдување на листа на соодветни кандидати за упис Универзитетската конкурсна комисија за втор циклус студии изготвува прелиминарна ранг листа која ја објавува на огласна табла и веб страната на Универзитетот.

Кандидатот кој смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор до Универзитетската конкурсната комисија во рок од 3 (три) дена од денот на објавувањето на резултатите на огласната табла на Универзитетот, односно единицата.

Одлуката по приговорот од став 2 на овој член ќе се донесе во рок од 3 (три) дена од денот на поднесувањето на приговорот. Одлуката му се соопштува на подносителот на приговорот со истакнување на огласната табла, а воедно се објавува на веб-страницата на Универзитетот.

По завршувањето на рокот за приговори, Универзитетската конкурсна комисија за втор циклус студии ги објавува конечните листи на примени кандидати на огласната табла на Универзитетот, како и на веб-страницата на Универзитетот.

Универзитетската конкурсна комисија за втор циклус студии на единицата за запишување на студентите е должна до Ректорската Управа и Универзитетскиот Сенат да достави конечен извештај за резултатите од запишувањето на студентите на студиските програми од втор циклус.

Член 16

Кандидатот го остварил правото на запишување доколку се наоѓа на ранг-листата до бројот што е предвиден со конкурсот за запишување.

Кандидатот којшто го остварил правото на запишување, а во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето, го губи правото и наместо него правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг-листата.

Член 17

Странски државјани имаат право на запишување во втор циклус студии под еднакви услови како и македонски државјани, со плаќање на партципација за студирањето чија висина се определува со одлука на Ректорската Управа.

Член 18

Одлуката за прием во втор циклус на студии ја донесува Унивезитетскиот Сенат.
Студентот со Универзитетот склучува договор за студирање, со кој поблиску се утврдуваат нивните меѓусебни права и обврски.

Стипендирање на студенти на втор циклус студии

Се брише **Член 19**

Организација и обем на студиите и начин на студирање

Член 20

Втор циклус на студии се организира како студии со повисоко ниво на научноистражувачка сложеност и повисоко ниво на оптовареност на студентот во дадено подрачје како редовни и вонредни студии.

Член 21

Должината на студиите се организира според оптовареноста на студентот и обемот на потребните кредити што треба да ги оствари во зависност од бројот и видот на предметните програми застапени во студиската програма.

Член 22

Вториот циклус на студии, покрај редовните предметни програми за кои се предвидени соодветни наставни и научноистражувачки активности, содржи и изработка и одбрана на магистерски односно специјалистички труд.
Периодот потребен за изработка и одбрана на магистерскиот односно специјалистичкиот труд започнува во моментот кога студентот ќе го стекне потребниот број кредити предвидени со студиската програма за втор циклус на студии.

Член 23

Студиските програми за втор циклус на студии се поделени на студиски години и семестри.

Член 24

Вториот циклус на стручни студии трае два семестра, од кои еден семестар или најмалку 30 кредити за совладување на редовните предметни програми, а еден семестар за изработка на специјалистички труд или најмалку 30 кредити.
Втор циклус на академски студии (постидипломски студии) може да трае 1 (една) или 2 (две) години (60 или 120 ЕКТС), при што најмалку 48 односно 90 кредити се предвидени за совладување на предвидените предметни програми и активности на студентот и дел од вториот семестар/последниот четврти семестар, за изработка на магистерски труд.
Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат во првиот и вториот циклус на универзитетски академски студии изнесува 300 кредити.

Организација на наставата за редовните студенти

Член 25

Студиската година се организира во два семестра: зимски и летен.
Наставата во зимскиот семестар трае 20 недели (12 недели континуирана настава + 8 недели подготовка за оценување и завршно оценување).
Заверувањето на зимскиот и запишувањето на летниот семестар (и зимскиот одмор) траат две недели.
Наставата во летниот семестар трае 20 недели (12 недели континуирана активност + 8) недели за подготовка за оценување и завршно оценување).
Наставникот по одреден предмет мора да овозможи период од најмалку 14 дена помеѓу два испитни рока за дадениот предмет.
Точниот календар за организација и реализација на студиските програми за студиската година го утврдува и објавува Универзитетскиот сенат, најдоцна 60 дена пред почетокот на наставата.

Член 26

Наставата се организира и изведува врз основа на утврдениот распоред на часови.
Универзитетот, односно факултетите и високата стручна школа, се должни да го објават распоредот на часовите најдоцна 10 дена пред почетокот на наставата.
Распоредот на часовите содржи: име на студиската програма, студиска година, име на предметот, време (ден, час) на одржување на наставата, место на одржување на наставата (предавална/амфитеатар, лабораторија), име на наставник и други информации за наставата.
За секој предмет предметниот наставник го утврдува планот на работа и роковите, начинот на проверка на знаењето (тестови, проекти и сл.) и е должен истиот да го достави до Комисија за настава и наука, најдоцна 15 дена пред почетокот на наставата.
Предметниот наставник е должен во првата недела од наставата да ги запознае студентите со планот на работа во однос на предметот и истиот да го достави до студентите во писмена форма.

Член 27

Проверката на знаењето се организира во термините кои се утврдени за изведување на наставата за предметот за кој е предвидена проверка на знаењето.
Задачите кои се предвидени за индивидуална работа на студентите (семинари, проекти, задачи и др.) мора да бидат рамномерно распоредени во текот на семестарот. Вкупниот обем на овие активности мора да биде усогласен со оптоварувањето кое е предвидено на предметот, во согласност со ЕКТС.
Наставникот е должен во текот на наставата, изработката на индивидуалните работи и подготовката за проверка на знаењето, да им помогне на студентите преку организирање на консултации. Термините за консултации треба да бидат усогласени со термините за настава и истите да им бидат достапни на студентите преку јавно истакнување на огласната табла на единицата и на интернет страницата на Универзитетот.
Консултациите со студентите се задолжителни секоја недела со минимум 2 (два) часа, а максимум 6 (шест) часа.
Промена на распоредот на часовите и планот за работа во текот на наставата, по правило, не е дозволена. Во случај на болест на наставникот, промената во распоредот на часовите ја одредува Комисијата за настава и наука.
Предметниот наставник е одговорен за изведувањето на сите облици на настава, предавања, вежби, практична работа и менторство.

Член 28

Определени облици на настава можат да се организираат и во форма „учење на далечина“ (distance learning, virtual teaching).
Практичната работа и стручната пракса можат да се организираат и изведуваат како составен дел на редовната настава или како посебна целина.

Оценување на редовните студенти

Член 29

Оценувањето на студентите од втор циклус се врши врз основа на:

- посета на предавања,
- успешно реализирани вежби,
- изработка на семинарска работа
- успешно положени колоквиуми
- успешно положен финален испит

Како дополнување на завршното оценување може да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- учење во библитека,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- изработка на есеј,
- јавна презентација,
- освоени награди/пофалници и др.

Член 30

Оценувањето е квантитативно.
Завршната оценка за соодветна предметна програма е изразена со квантитативни мерки.
Во формирањето на завршната оценка учествуваат:

- Завршниот испит 50 поени
- Колоквиум 25 поени
- Останати активности 20 поени
- Присуство 5 поени

Завршно оценување

Член 31

Завршното оценување се спроведува една недела по завршувањето на наставата во два испитни рока, со поднесување на нова пријава.
Студентите кои нема да ги положат предвидените испити во јануарската сесија, можат да ги полагаат во јунската сесија.
Студентите кои нема да ги положат предвидените испити во јунската сесија, можат да ги полагаат во септемвриската сесија.

Облици на проверка на знаењето за редовни и вонредни студенти

Член 32

Облиците за проверка на знаењето на завршното оценување можат да бидат писмени, усни и практични.
Писмената проверка по правило се изведува по пат на тест или писмена работа.
Начинот на испитување го одредува наставникот.
Испитот и сите облици на проверка на знаењето се јавни.
Резултатите од писмените испити се чуваат до први ноември следната школска година.

Член 33

Завршното оценување се изразува квантитативно со оценка од 5 (пет) до 10 (десет).

Оценката 5 (пет) означува недоволен успех.
Прагот за положување на предметната програма за студентите од вториот циклус на студии изнесува 51 поен, при што повисокиот број на освоени поени кореспондира на некоја од следниве оценки:
- до 50 поени 5 (пет);
- од 51 до 60 поени 6 (шест);
- од 61 до 70 поени 7 (седум);
- од 71 до 80 поени 8 (осум);
- од 81 до 90 поени 9 (девет);
- од 91 до 100 поени 10 (десет).

Член 34

Успехот на студентот на испитот и останатите проверки на знаењето се вреднуваат и оценуваат со систем кој е споредлив со ЕКТС системот, како што следи:

10 (A) – (исклучителен успех со мали грешки), изнесува 91–100 поени,
9 (B) – (преку просекот со понекоја грешка), изнесува 81–90 поени,
8 (C) – (просечен со забележливи грешки), изнесува 71–80 поени,
7 (D) – (општо добар, но со значителни недостатоци), изнесува 61–70 поени,
6 (E) – (ги задоволува минималните критериуми), изнесува 51–60 поени,
5 (F,FX) – (не ги задоволува минималните критериуми и е потребно значително повеќе работа), 50 поени.

Пријавување на предмети и евиденција за редовни студенти

Член 35

Студентите ги пријавуваат предметите кои сакаат да ги слушаат и полагаат во следната студиска година три недели пред почетокот на наставата во зимскиот семестар, а за првата студиска година по запишувањето на семестарот и поднесувањето на семестрален лист.
Изборот на предметите се врши до 30 ЕКТС студиски кредити оптоварување за семестар и 60 ЕКТС студиски кредити за година.
Доколку студентот ги има реализирано сите останати обврски според студиската програма, но нема магистрирано, може да ги запише кредитите од магистерската работа и во зимски и во летен семестар.
По рокот за пријавување на предметите се формираат списоци на студенти по пријавени предмети за следната студиска година и истите се објавуваат на интернет страницата и на огласната табла на одделот за секоја студиска програма и за секој предмет.

Повторно пријавување на предмети за редовни студенти

Член 36

Студентот кој нема да го положи испитот во дадениот рок - го запишува предметот повторно, ако е од групата на задолжителни предмети, а ако е од групата на изборни предмети, го запишува истиот предмет или избира друг предмет за да може да го освои потребниот број на ЕКТС студиски кредити.
За секое повторно запишување на предмет (кој студентот го повторува), студентот е должен да уплати соодветен паричен надоместок, чија висина со одлука ја определува Универзитетскиот сенат.

Запишување и заверување на семестар за редовни и вонредни студенти

Член 37

Заверувањето на семестарот и годината е задолжителна за сите студенти.
Врз основа на заверувањето на семестарот и годината се утврдува колку ЕКТС студиски кредити освоил студентот.

На студентот ќе му се завери семестарот доколку истиот во индексот има потпис од предметните наставници за сите семестрални предмети.
На студентот кој не го исполнил условот од ст. 3, може да му се завери семестар под услови утврдени со одлука на Ректорската управа.
На вонреден студент ќе му се завери семестар ако ги исполнил финансиските обврски кон Универзитетот за тој семестар, без потписи во индексот.
Студентот може да запише нареден семестар доколку му е заверен претходниот семестар.
Роковите во кои се заверува и запишува семестар и година се утврдуваат во академскиот календар.

Запишување на студиска година

Член 38

Во втор циклус на студии (двогодишни) студентот може да запише нови предметни програми од наредната година (трет семестар) доколу има заверен прв семестар на студии.
Во вториот циклус на студии (едногодишни), студентот може да запише нови предметни програми од вториот семестар доколку има заверен прв семестар на студии.

Член 39

Запишување на годината и запишување и заверката на семестарот е задолжителна за сите студенти.
Врз основа на заверката на семестарот и запишувањето на годината се утврдува колку ЕКТС студиски кредити освоил студентот.

Член 40

Студиите од втор циклус се завршуваат со полагање на сите испити и изработка и одбрана на магистерски/стручен труд.

Посебни одредби за вонредните студенти на втор циклус на студии

Член 41

Единиците на Универзитетот ја определуваат формата на организацијата на наставните активности за вонредните студенти и за студентите со учење на далечина.
Вонредните студенти се обврзани да присуствуваат на облиците на проверка на знаењето, како што е предвидено со програмата на предметот, во седиштето на Универзитетот, односно, наставниот центар во кој се организира наставата за редовните студенти.

Преминување од една во друга студиска програма од втор циклус студии во рамки на универзитетот

Член 42

Студентите кои се запишале на една студиска програма на втор циклус на студии, во текот на студирањето, може да се префрлат да студираат на друга студиска програма од втор циклус во рамки на Универзитетот.
Студентот преку Одделението за студентски прашања и ЕКТС до Универзитетскиот Сенат поднесува барање за префрлување.
Универзитетскиот Сенат донесува одлука со која го прифаќа или одбива барањето на студентот за префрлување на студентот.

Термини за полагање на испити

Член 43

Проверката на знаењето на студентите се врши во три испитни рокови: февруарски, јунски и септемвриски.

Со посебна одлука на Ректорската управа можат да бидат определени и дополнителни испитни сесии.”

Член 43 - а

Пријавувањето на испитите, студентите го вршат со пополнување на испитни пријави и нивно поднесување во определените рокови до службата за студентски прашања.

Студентот може да го пријави испитот и по предвидениот рок, но најдоцна до денот на одржување на испитот, при што плаќа определен надоместок за задоцнетото пријавување.

Службата за студентски прашања врши проверка на поднесените испитни пријави и изготвува список за спроведување на испитот во којшто се внесуваат кандидатите со право за полагање на испитот по соодветниот предмет.

Списокот изготвен од Службата за студентски прашања не може да се надополнува со други кандидати.

Презапишување на предметна програма

Член 44

Студентот кој студира на двогодишни студии ја презапишува студската програма доколку не го исполни условот за запишување на втората година за студирање на втор циклус на студии.
Вториот циклус на стручни студии траат два семестра (60 ЕКТС) – потребни се минмиум 2 (два) положени испити за запишување на наредeн семестар.
Втор циклус на академски студии (постидипломски студии) во времетраење од 1 (една) година или два семестра – потребни се минимум 3 (три) положени испити од првиот семестар за запишување на наредeн семестар.
Втор циклус на академски студии (постидипломски студии) во времетраење од 2 (две) години (120 ЕКТС) – потребни се 36 кредити за запишување на наредна година на студии.
Втор циклус на академски студии (постидипломски студии) во времетраење од 2 (две) години (60 ЕКТС) – потребни се минимум 3 (три) положени испити за запишување на наредна година на студии.

Финансирање на вториот циклус студии

Член 45

Вториот циклус универзитетски академски/специјалистички студии има карактер на приватни студии и се финансира од средства на кандидатите.

Студиска програма

Член 46

Студиската програма ја усвојува Универзитетскиот сенат, по предлог на единиците на Универзитетот и по претходно мислење за студиските програми за втор циклус на студии од страна на Ректорската управа.
Темите за завршен труд на вториот циклус се избираат од подрачјето на студиската програма од вториот циклус.
Темите и менторите ги утврдува наставно-научниот односно наставничкиот совет и се објавуваат јавно на огласната табла и на интернет страницата на универзитетот.

Постапка за пријава, оценка и одбрана на стручен, односно магистерски труд

Член 47

Студентот се стекнува со право да поднесе пријава за изработка на магистерски труд по стекнувањето со најмалку 50% од вкупниот број кредити и да има публикувано најмалку два

(2) научни трудови од областа која се обработува во магистерскиот труд. Двата труда треба содржински да бидат различни. За утврдување на различноста на трудовите е одговорен кандидатот заедно со менторот, при што финална одлука донесува Наставно-научниот совет на факултетот. Трудовите треба да бидат презентирани и печатени во зборници на трудови од конференции и/или научни списанија.

Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на студентот, со кој се систематизираат постојаните научни знаења и се придонесува за нивниот понатамошен развој.

Стручниот труд е самостојна стручна работа со која се систематизираат постојните знаења и се придонесува за решавање на проблеми од практиката."

Член 48

Ментор на магистерскиот/стручниот труд може да биде предметниот наставник од чија област се работи магистерскиот/стручниот труд или по избор на студентот, по претходно одобрение од наставно-научниот/наставничкиот совет.

Член 49

Менторот го води студентот во неговата истражувачка и научна работа и му дава помош во целокупниот процес на изработка на магистерскиот/стручниот труд.

Член 50

За барање за промена на менторот одлучува наставно-научниот односно наставничкиот совет на единицата.

Член 51

Одбраната тема студентот ја пријавува писмено до единицата.
Раководителот на вториот циклус студии е одговорен за правилноста на постапката за избор на тема за магистерскиот/стручниот труд во вториот циклус на студии.

Член 52

Студентот ја избира и пријавува темата за магистерски/стручен труд по завршувањето на првиот семестар, а најдоцна до завршување на последниот семестар.

Пријавата содржи:

- наслов на темата,
- образложение за научната,
- уметничката и стручната оправданост на темата,
- план за работа и преглед на литературата.

Наставно-научниот совет го определува насловот на темата во рамките на научната област на која се изведуваат магистерските/стручните студии.

Насловот на темата може да биде предложен и од кандидатот во договор со менторот.

Член 52 – а

Одлука за определување на ментор, донесува наставно-научниот совет. По образложено барање на менторот, наставно-научниот совет може да донесе одлука за промена на менторот. ‘

Член 53

Насловот на прифатениот стручен или магистерски труд се објавува во Универзитетски билтен и на интернет страницата на единицата, на македонски и на англиски јазик.

Член 54

Магистерскиот/стручниот труд е самостоен труд во кој студентот обработува одбрана тема со примена на научни и стручни методи, докажува дека ја совладал наставната програма, се стекнал со потребното знаење и се оспособил за негова примена.

Член 55

Резултатите во магистерскиот/стручниот труд треба да претставуваат придонес на:

- систематизација на научни или стручни постоечки решенија за одредена област;
- решавање на актуелна научна/стручна задача, која е поставена како цел на трудот;
- примена на постоечки научни/стручни достигнувања во решавање на комплексно-стручната задача.

Член 56

Магистерскиот/стручниот труд може да се предаде по положувањето на сите испити и извршувањето на другите обврски предвидени со студиската програма.

Член 57

Магистерскиот/стручниот труд треба јазично, стилски и технички да биде коректно обликуван, во согласност со современата методологија, техника и технологија за изработка на публикации, што ја утврдува универзитетот.
Магистерскиот/стручниот труд се пишува на англиски јазик и македонски јазик.

Член 58

Студентот по завршувањето на магистерскиот/стручниот труд до Одделението за студентски прашања и ЕКТС поднесува писмено барање за проверка на студентското досие.

Поднесената пријава Одделение за студентски прашања и ЕКТС ја доставува до комисијата за проверка на студентското досие.

Член 59

Комисијата од претходниот став се состанува секој први (1) и петнаесетти (15) во месецот и ги разгледува доставените пријави за завршен труд.
Комисијата за проверка на студентското досие, врши увид во студентското досие и изготвува извештај за состојбата на студентското досие. Кога студентското досие е комплетно, го потпишува извештајот и му го издава на студентот. Во случај кога студентското досие не е комплетно, го известува подносителот на пријавата да изврши комплетирање на студентското досие.

Член 60

Студентот по завршувањето на магистерскиот/стручниот труд, до Одделение за студентски прашања и ЕКТС поднесува писмено барање за формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерскиот/стручниот труд и определување на денот на јавната одбрана.

Барањето содржи:

- пријава;
- образложен предлог на менторот за завршената менторска фаза и писмена согласност од менторот дека трудот ги исполнува критериумите наведени во образложението на темата;
- 8 примероци од трудот;
- извештај од службената евиденција за испитите и ЕКТС кредити на кандидатот.

Член 61

Комплетната документација наведена во член 60 од овој Правилник, Одделението за студентски прашања и ЕКТС ја доставува до наставно-научниот односно наставничкиот совет на единицата на Универзитетот.

Член 62

Наставно-научниот, односно научниот совет, во рок од 45 дена од денот на доставување на барањето, формира комисија за оценка на стручниот, односно магистерскиот труд од 3 (тројца) членови: претседател и двајца членови.

Задолжително еден од членовите на комисијата е менторот.

Член 63

Комисијата подготвува извештај во кој дава оценка и образложение на трудот (краток приказ на трудот: поставена цел, применети методи, добиени резултати и заклучоци од реализираните истражувања), најдоцна во рок од 30 дена од денот на предавањето на трудот.

Член 64

По прегледувањето на трудот, комисијата може да му го врати трудот на студентот да го дорабоги и дополни, како и да определи краток рок во кој студентот треба да ја изврши таа обврска.

Член 65

Доколку комисијата го одбие магистерскиот/стручниот труд студентот може да поднесе нова пријава на темата за магистерскиот/стручниот труд во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на одлуката за одбивање.

Член 66

Извештајот од член 63 се доставува до наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет на единицата.

Член 67

Наставно-научниот совет во рок од 30 (триесет) дена од приемот на извештајот донесува одлука за прифаќање или неприфаќање на магистерскиот/стручниот труд.

Член 68

По усвојувањето на извештајот, наставно-научниот совет формира комисија за одбрана и го определува денот на одбраната, во рок од 15 дена од прифаќањето на извештајот.
Членовите на комисијата за оценка на магистерскиот односно стручниот труд можат да бидат членови на комисијата за одбрана.

Член 69

Известување за усвојувањето на извештајот и датумот за одбрана на магистерскиот/стручниот труд му се доставува на студентот и се објавува на огласната табла и на интернет страницата на универзитетот.

Член 70

Одбраната на трудот е јавна и се објавува на огласната табла на единицата, најмалку 7 (седум) дена пред денот на одбраната.

Член 71

Одбраната на магистерскиот/стручниот труд труд се врши на следниов начин:

- претседателот на комисијата ја отвора постапката за одбрана на магистерскиот/стручниот труд, ги изнесува податоците за студентот, насловот на трудот, времето на изработка и менторот;

- студентот го претставува својот труд, со образложение на целта, задачите, методите на изработка, добиените резултати, дискусиите за резултатите и заклучоците;
- членовите на комисијата можат да поставуваат прашања и да ги коментираат резултатите на магистерскиот/стручниот труд;
- претседателот на комисијата може да им дозволи на присутните да поставуваат прашања или да ги коментираат резултатите на магистерскиот/стручниот труд;
- комисијата се повлекува заради донесување на одлука;
- претседателот на комисијата, по спроведената постапка, му ја соопштува на студентот одлуката на комисијата.

Формуларот за одбрана на магистерскиот/стручниот труд го утврдува Одделение за студентски прашања и ЕКТС на универзитетот.
Ако магистерскиот/стручниот труд се состои од два дела, студентот прво го изведува практичниот дел, а потоа пристапува кон усна одбрана на писмениот дел од трудот.
Во текот на одбраната на магистерскиот/стручниот труд се води записник од страна на секретарот на Одделение за студентски прашања и ЕКТС на УИНТ. Записникот го потпишуваат членовите на комисијата.

Член 72

По завршувањето на одбраната на трудот, комисијата за одбрана на трудот јавно ја соопштува оценката на одбраната на стручниот, односно магистерскиот труд.
Оценувањето се врши со две описни оценки: „го одбрани стручниот, односно магистерскиот труд“ и „не го одбрани стручниот, односно магистерскиот труд“.

Член 73

Магистерскиот/стручниот труд и одбраната се јавни.

Член 73 - а

Студентот брани магистерски труд најдоцна во рок од две години од денот на одобрувањето на темата на магистерскиот/стручниот труд.

По барање на студентот, единицата на Универзитетот може да одобри продолжување на рокот за одбрана на стручниот, односно магистерскиот труд за времето додека траеле причините за спреченост за работа на магистерскиот труд односно стручниот труд.

Како оправдани причини се сметаат:

- Подолготрајна тешка болест;
- Бременост и породување;
- Отсуство од земјата во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, учество на научно, уметнички и спортски настани и сл.и
- Други оправдани причини.”

Конфликт на интереси

Член 73 - б

Предметниот наставник кој е член на Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот/стручниот труд, не може да биде лице кое со студентот кој го брани магистерскиот/стручниот труд е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.

Доколку студентот со предметниот наставник е во роднинска врска во согласност со став 1 од овој член, наставникот е должен да се изземе за тој студент од Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот/стручниот труд и за тоа да го извести Деканот/Директорот на Единицата.

Во таков случај, Деканот/Директорот на Единицата, во Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот/стручниот труд, на местото од изземениот наставник назначува друг наставник од иста или сродна научна област во рамките на истото научно поле.

Член 74

Свечената промоција на доделувањето на дипломите за завршениот втор циклус на академски студии и одбранет магистерски/специјалистички труд е на патрониот празник на Универзитетот.
Деканот на соодветниот факултет (единицата на Универзитетот) им ги доделува дипломите на студентите за завршен втор циклус на студии.
До доделувањето на дипломата се издава уверение за завршен втор циклус на студии во кое се наведува дека е од привремен карактер од страна на Службата за студентски прашања на УИНТ.

Студенти

Член 74 - а

Прашањата поврзани со статусот на студентите и нивните права и обврски како и дисциплинските мерки се дефинирани со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Правилниците на единиците на Универзитетот.

Премин на студиски програми на Универзитетот

Член 74-б

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма на единицата каде што е запишан, како и на студиска програма на друга единица, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува, односно со правилата за студирање на единицата.
Студентот има право на преминувањата од став 1 на овој член и при запишувањето во прва учебна година сè до затворањето на матичните книги, доколку на студиската програма на која преминува не е пополнет бројот.

Премин од други високообразовни установи

Член 74 -в

Студенти од студиски програми од други високообразовни установи од земјата и од странство можат да преминат на студиски програми на единиците на Универзитетот, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува, односно со правилата за студирање на единицата, ако постои совпаѓање на студиските програми за стекнување на стручниот, односно академскиот назив утврден во студиската програма на која се преминува.

На студентот кој бара преминување може да му се утврдат дополнителни обврски за надминување на разликите во студиските програми, односно да ги исполни обврските по предметите и да ги положи испитите за да може да продолжи со студиите.

Единицата може да утврди од кои предмети кредитите не можат да се пренесуваат.

Член 74 - г

Покрај другите услови, студентот кој сака да премине од една на друга единица/студиска програма/високообразовна установа треба да ги исполнува и следниве услови:

- да ги исполнува условите за редовно запишување во наредена семестар на матичниот
- факултет;

- да има решение од надлежен орган во Република Македонија за признавање на стекнати високообразовни квалификации во странство (за студенти кои студирале во странство) со еквиваленција за оценките;
- да го знае јазикот на кој се изведува наставата.

Заеднички одредби за премин

Член 74 - д

Бројот на студенти кои можат да преминат го утврдува деканатската, односно институтската управа на почетокот на секоја учебна година, во зависност од нормативите и стандардите и пополнетоста на капацитетите.

Студенти кои се странски државјани, како и студенти државјани на РСМ кои студираат на странски универзитети, стекнуваат право на премин под истите услови како и македонските државјани врз основа на посебните квоти за странски државјани.

Член 74 - е

Ако повеќе кандидати ги исполнуваат условите за преминување од утврдениот број, предност имаат кандидатите кои имаат остварен повисок просечен успех на факултетот, односно на универзитетот од каде што доаѓаат.

Член 74- ж

Преминувањето се врши врз основа на решение за признавање на остварени кредити со еквиваленција на предмети и кредити.

Решение за преминување донесува наставно-научниот/научниот совет по предлог на Комисијата за признавање испити и пренесување кредити на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид.

Положените испити со изворниот наслов, оценки и остварени кредити на матичниот факултет и признаени со решението од став 2 на овој член, заедно со решението за еквиваленција, се евидентираат во досието на студентот. Во уверението за положени испити се внесуваат називите на еквивалентираните предмети и кредити од единицата на која преминал студентот.

Во случај на делумно признавање, студентот е должен да го запише предметот и да ги оствари обврските за делот што не му се признава. Крајната оценка претставува аритметичка средина од двете оценки и се запишува бројот на кредити по тој предмет на единицата на која студентот преминува.

За студентите кои преминуваат од странски универзитети, покрај изворните оценки, се запишува и еквиваленцијата на оценки утврдена со решение на надлежен орган во Република Северна Македонија.

Член 74 - s

Студентот кој преминува е должен да се запише до завршување на уписниот рок.

Член 74 - и

Студентот кој преминува ги продолжува студиите со плаќање школарина.

Престанок на статусот на студент

Член 74 –j

На студентот му престанува статусот на студент според условите и постапката утврдени со Статутот на Универзитетот.

Статусот од ставот (1) на овој член престанува, ако студентот:

- магистрира
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон, Статутот или правилата за студирање на Универзитетот

- се испише
- е исклучен и
- во други случаи утврдени со правилата за студирање на Универзитетот и на Единицата.

Статусот од ставот (1) на овој член може да биде обновен според постапката утврдена со Статутот на Универзитетот, освен ако статусот не престанал со трајно исклучување.
Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот, а истите се определуваат со општ акт на Универзитетот.

Дипломи

Член 74 –к

Лицето кое по завршувањето на постдипломските студии стекнало најмалку 300 ЕКТС кредити, вкупно од додипломските и постдипломските студии, се стекнува со назив – магистер од соодветната област.
Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на постдипломските студии на овој член припаѓаат на ниво VII А од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на високообразовни квалификации.
Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на постдипломските студии е master, Master of Science (MSc), односно Master of Arts (MA).
Студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во втор циклус на образование Универзитетот и Единицата на Универзитетот, врз основа на евиденцијата што се води за него му издава диплома.
Со дипломата од ставот 4 на овој член се потврдува дека студентот завршил студиска програма од втор циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додаток на дипломата.
Диплома и додаток на дипломата на Универзитетот ја потпишува Ректорот и Деканот/Директорот на Единицата на Универзитетот и се заверува со сув печат на Универзитетот.
Заедничката диплома и додаток на дипломата ја потпишуваат Ректорот на Универзитетот и овластените лица на високообразовните установи со кои се организира студиската програма за стекнување на заедничка диплома.
Свечената промоција на доделувањето на дипломите за завршениот втор циклус на академски студии и одбранет магистерски/стручниот труд е на патрониот празник на Универзитетот.
Деканот на соодветниот факултет (единицата на Универзитетот) им ги доделува дипломите на студентите за завршен втор циклус на студии.
До доделувањето на дипломата се издава уверение за завршен втор циклус на студии во кое се наведува дека е од привремен карактер од страна на Одделение за студентски прашања и ЕКТС на УИНТ.”

Исправи и евиденција на студиите

Се брише **Член 75**

Член 76

Студентот кој ќе го одбрани магистерскиот/стручниот труд се запишува во матичната книга на дипломирани студенти на втор циклус на универзитетски академски /стручни студии, која ја води Службата за студентски прашања.

Академско или стручно звање

Се брише **Член 77**

Член 78

По исклучок, бројот на кредитите и времетраењето на циклусите на студиите, називите на профилите или звањата кои се стекнуваат во секој циклус на студии кои се поврзани со вршење на регулираните професии на кои се однесуваат прописите на Европската унија, ќе се уредат со општите акти на Универзитетот и на единиците на Универзитетот.

Студиска програма за двојна диплома

Член 79

Врз основа на билатерален договор, со којшто се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу Универзитетот/Единицата и универзитет, односно самостојна висока стручна школа од Република Македонија или од странство акредитирани во земјата во кои им е седиштето, Статутот на Универзитетот и овој Правилник, Универзитетот /Единицата може да реализира студиска програма за двојна диплома и да издава двојна диплома.

Преодни и завршни одредби

Член 80

За толкување на одредбите од овој Правилник е надлежен Универзитетскиот сенат.

Член 81

Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски Билтен и на веб страната на Универзитетот.

Претседател на Универзитетски сенат
Доц. д-р Расим Салкоски с.р.